**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
**Бр. 16-184/15**
**30.01.2015 година**
**С к о п ј е**

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 235 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014 и 180/2014), донесоа

**З А К Л У Ч О К**

Постапката поведена по иницијатива број 16-184/2 од 14.01.2015 година, за вршење на вонреден инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, се запира.

**О б р а з л о ж е н и е**

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден 28.01.2015 година извршија вонреден инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје – Одделение за брак и семејство. При инспекцискиот надзор извршен е увид во предметот на И.А.Т. од ______, во мировната постапка и мислење за доверување на дете и постапката за уредување на личните односи и непосредните контакти на малолетното дете со родителот со кого детето не живее, по поднесена иницијатива број 16-184/2 од 14.01.2015 година.

Инспекцискиот надзор е извршен над применувањето и спроведувањето на Законот за социјалната заштита (,,Службен весник на Република Македонија,, („Службен весник на Република Македонија" број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014 и 180/2014 година), Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 09/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014 и 115/2014), подзаконските, општите, поединечните и другите акти донесени врз нивна основа.

При вонредниот инспекциски надзор на записник број 16-184/14 од 30.01.2015 година не се констатирани недостатоци и неправилности, поради што согласно член 41 став 4 од Законот за инспекциски надзор (,,Службен весник на Република Македонија,, број 50/2010, 161/2010, 157/2011, 147/2013 и 41/2014), се донесе заклучок како во диспозитивот.

Решено во Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден 30.01.2015 година под број 16-184/15.

**Упатство за правно средство:** против овој заклучок може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на заклучокот преку Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

**Инспектори за социјална заштита**
Инспектор, Зорица Цветковска
Инспектор, Јасмина Ѓорѓиевска